20260390632

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2026 година.

Бр. 08-1469/1
25 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ број 36/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ број 44/1990, 11/1991, 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 51/23, 65/23, 51/24 и 272/24), членот 12 се менува и гласи:

„Коефициентите за утврдување на надоместокот на плата и на платата изнесуваат од 1,54 до 3,17.“.

Член 2

Во членот 13 коефициентот „3,47“ се заменува со коефициентот „3,17“.

Член 3

Во членот 14 коефициентот „3,08“ се заменува со коефициентот „2,81“.

Член 4

Во членот 15 коефициентот „2,85“ се заменува со коефициентот „2,60“.

Член 5

Во членот 16 коефициентот „2,62“ се заменува со коефициентот „2,39“.

Член 6

Во членот 17 коефициентот „2,47“ се заменува со коефициентот „2,25“.

Член 7

Членот 17-в се менува и гласи:

„Коефициентите за утврдување на платите на градоначалниците на општините и за градоначалникот на Градот Скопје изнесува од 1,90 до 2,60.

Коефициентите од ставот 1 на овој член се определуваат според бројот на жителите и тоа:

1. за градоначалник на општина до 10.000 жители, коефициент 1,90;
2. за градоначалник на општина од 10.001 до 25.000 жители, коефициент 2,03;
3. за градоначалник на општина од 25.001 до 50.000 жители, коефициент 2,25 и
4. градоначалник на општина со над 50.000 жители, коефициент 2,39.

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот на Градот Скопје изнесува 2,60.

Градоначалниците кои функцијата ја вршат волонтерски, имаат право на надоместок на плата во висина од 30% од соодветниот износ во ставот 1 на овој член.

Правата утврдени со овој закон им припаѓаат на градоначалниците од денот на нивниот избор до крајот на месецот во кој им престанал мандатот, ако со овој закон не е поинаку определено.“.

Член 8

Коефициентите од членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат со исплата на платата за месец февруари 2026 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.